Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 168/0306
17.10 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.09.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружението Брианион, застапувано од Јовица Пауновски:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА НЕ Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„МЕПСО донации даваше за портали, фитнес клуб и школа за танц...“**, објавен на онлајн медиумот „МКД.мк“, на 28.08.2024 годинана, не отстапува од професионалните и етичките стандарди.

## ЖАЛБА

Жалителот Здружението за слобода на говор и професионално известување „Брианион“ од Демир Хисар, кое е издавач на порталот „4News.мк“, застапувано од Јовица Пауновски, кој што е и главен уредник на порталот, до Извршната канцеларија на СЕММ на 06.09.2024 г. упати жалба за онлајн медиумот МКД.мк, за објавен текст, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија (Кодекс) по неколку основи: неточно и нефер известување, незастапена страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Притоа жалителот наведува:
**„Недостатокот на објективно и балансирано известување, како и изборот на сугестивен јазик, без обезбедување на контекст или објаснување, создаваат впечаток на предрасуда и дискредитација. Овој пристап ја наруши репутацијата на „Брианион“ и медиумите што ги издава, создавајќи неосновано негативно мислење кај публиката. Ова е спротивно на новинарските принципи за објективност, непристрасност и транспарентност, кои се клучни за зачувување на јавната доверба и заштита на угледот на сите инволвирани страни. Употребата на фразата „останува нејасно“ сугерира дека новинарот веќе има сомнеж или не се согласува со доделувањето на средствата, што ја наруши објективноста. Наместо да се прикажат фактите и да се остави на читателот да донесе заклучок, новинарот директно ја изразува својата недоверба кон процесот. Ние како здружение воопшто не сме контактирани од авторот на текстот. Секогаш е потребно да се направи обид за добивање на коментар од засегнатите страни и тоа е важно за балансирано и објективно известување. Текстот е напишан со доза на субјективност и недоволно проверени информации и поради тоа отстапува од стандардите за објективност, транспарентност и непристрасност. Текстот наведува дека документите се добиени, но не е јасно кои се изворите на информациите и дали тие се проверени и веродостојни“**- се наведува во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни за наводите на жалбата, потсетувајќи и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација.

Притоа, детално беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои тој смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Од медиумот, преку основачот и главниот уредник Александар Дамовски, беше одговорено дека ги отфрлаат наводите на жалителот и сметаат дека нема прекршување на одредбите од Кодексот или Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Притоа во одговорот меѓу другото се истакнува:

**„Објавени се факти, поткрепени со документи (објавен принтскрин од документот). Факт е дека на 25 јануари 2024 година здружението за слобода на говор и професионално известување Брианион прими 400 илјади денари донација.**

**Факт е дека ова здружение е издавач на 4news.mk и на уште три портали (во еден од нив Пауновски е потпишан и како директор). Тоа го има на интернет страницата на порталите и на здружението.**

**Интересот на мојата тема е МЕПСО, како државна компанија и криетриумите врз основа на кои се делени спонзорствата и донациите. Брианион воопшто не ни беше фокус на нашиот интерес, како и десетиците други организации кои добиле донации и спонзорства.**

**Интересот беше врз основа на кои критериуми една државна компанија донира и спонзорира – имало повик, конкурс, колку се пријавиле, како е направена селекцијата... или распределбата одела по основ на лични пријателства со менаџерите на МЕПСО. Се разбира одговор за ова не добивме од МЕПСО, но затоа пак оваа компанија по објавувањето на написот веднаш се јави и соопшти дека ќе се испитува случајот. Јасно е дека изразуваме сомневање, ама не за работата на Браинион туку за начинот на кои се распределуваат парите на една државна комопанија. И не знам што е тука спорно“** – се наведува во одговорот од медиумот упатен преку главниот уредник и автор на текстот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов **„МЕПСО донации даваше за портали, фитнес клуб и школа за танц...“**, објавен на онлајн медиумот „МКД.мк“, на 28.08.2024 година, не отстапува од професионалните и етичките стандарди и затоа **жалбата се отфрла**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата го разгледа оспорениот текст и утврди дека станува збор за тема од висок јавен интерес, односно трошење пари од голема државна компанија која е една од клучните во електро-енергетскиот сектор.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата, притоа, утврди дека медиумот во текстот воопшто не се фокусира на здружението кое се жали, ниту на неговите портали, туку генерално на прашањето за парите што ги трошела државната компанија за спонзорирање и критериумите врз основа на кои го правела тоа.

Заклучокот е дека медиумот МКД.мк обезбедил документи со кои ги поткрепува своите сомнежи. Притоа, се разбира, има право да го заштити изворот на информации и затоа ја зачувал анонимноста на изворот. Токму објавениот документ е доказ за веродостојноста на искажаните сомнежи во текстот.

Документот не е оспорен ниту од жалителот и во него нема „неточно и нефер известување“, а медиумот ја прашал втората страна и нема никаква одговорност за тоа зошто сé уште му немаат одговорно од МЕПСО. Всушност, МКД.мк не се занимава со оние кои ги добиле средствата, туку целата тема е насочена кон раководството на МЕПСО. Нагласено е дека побарале информации од МЕПСО и чекале подолго време, што покажува дека оваа компанија не е транспарентна и не ја почитува обврската на јавноста да ѝ ги достави бараните информации преку медиумите, кога тие ќе го побараат тоа од компанијата.

Со тоа Комисијата заклучи дека одговорот од медиумот е образложен правилно и ги прифаќа и аргументите, па конечниот заклучок е дека нема прекршување на етичките и професионалните правила во новинарството и затоа жалбата се смета за неоснована, односно отфрлена.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев Зеријета Јаjага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk   info@semm.mk   (02) 3222-595